Република Македонија
**Агенција за храна и ветеринарство**

АХВ
АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**ЕВАЛУАЦИЈА**

**Претставки и предлози од област на безбедноста на храната за периодот од јануари до декември 2011 година,**

Во Агенцијата за храна и ветеринарство, преку одделението за заштита на потрошувачи анализирани се причините и прашањата /опасностите и ризиците/, на кои се укажува во претставките и предлозите, поднесени од потрошувачите во областа на безбедноста на храната, за периодот од јануари до декември 2011 година. Анализата на определен начин ја покажува перцепцијата на потрошувачите за опасностите и ризиците од храната. Извршената евалуација ги покажува следните податоци:

**Вкупно поднесени/примени и евидентирани претставки 138**

**1.1 Табела на претставки според наводи во претставките**

| **Наводи во претставки** | **Број на претставки** |
|---|---|
| 1 ДХП, ДПП, HACCP /контролни системи/ | 18 |
| 2 Безбедност на вода и безалхохолни пијалоци | 13 |
| 3 Контаминенти и резидуи | 12 |
| 4 Влијание врз околината | 12 |
| 5 Без одобрение/ регистрација | 11 |
| 6 Квалитет | 10 |
| 7 Измама и заблуда | 9 |
| 8 Дистрибуција,продажба од подвижни објекти | 9 |
| 9 Сомнеж за труење | 7 |
| 10 Органолептички изменети производи | 7 |
| 11 Несоодветно означување | 6 |
| 12 Производи со поминат рок на употреба | 6 |
| 13 Додатоци во исхраната, диететски производи | 6 |
| 14 Здравствена заштита на животните | 4 |
| 15 Здравст. состојба на лица кои работат со храна | 3 |
| 16 Останати | 3 |
| 17 Ветеринарни медицински препарати | 1 |
| 18 Откуп на млеко | 1 |
| | |
| | |
| **вкупно** | 138 |

## 1.2 Табела на постапувања и исходи по претставките и предлозите

| | |
|---|---|
| Број на примени претставки /жалби и предлози од потрошувачите<br>Постапувано по сите примени претставки | 138 |
| Решенија вкупно | 45 |
| Решенија за забрана | 20 |
| Прекршочни пријави | 4 |
| Постапки за едукација | 15 |
| Постапки за порамнување | 5 |

Најмногу од претставките што ги поднеле потрошувачите во периодот од 01.01. 2011 до 31.12.2011 година се однесуваат на:

- неприменување на контролните системи за ДХП, ДПП и HACCP од страна на бизнис оператотите со храна
- безбедноста на водата и безалхохолните пијалоци
- присуство на контаминенти и резидуи во храната, како и влијание на објектите за храна врз околината

Во врска со анализата се препорачува да се планираат и превземат посебно активности кои се однесуваат на:
- проверка на воспоставените контролни системи кај бизнисите со храна /аудит/
- дополнителни контроли на безбедноста на безалхохолните пијалоци, вклучувајќи го означувањето и аспектите за заштита на потрошувачите од измама и заблуда
- при контролите да се вклучат активности за контрола на контаминенти и резидуи; и
- посебно да се обрне внимание на контролата на вентилационите системи во објектите за храна.

Овие податоци се доставуваат до сите сектори во АХВ со цел при планирањето на активностите да се земат во предвид ризиците и опасностите на кои укажуваат потрошувачите /перцепцијата на потошувачите за ризиците и опасностите од храната/.

## ЕВАЛУАЦИЈА
на поднесени претставки/ предлози по години

### 2.1 Табела на споредбен приказ на бројот на поднесени претставки по години

| Година | Број на претставки |
|---|---|
| 2007 | 188 |
| 2008 | 91 |
| 2009 | 90 |
| 2010 | 221 |
| 2011 | 138 |

### 2.2 Графикон на споредбен приказ на поднесени претставки по години




Споредбениот приказ покажува дека трендот на поднесување на претставки и предлози од потрошувачите/граѓаните, во областа на безбедноста на храната од 2009-та година има нагорна линија, со тоа што во 2010-та година е најголем бројот на поднесоците, за да направи пад во 2011-та година.

Со анализата што е направена се заклучува дека ваквиот тренд на покачувањето во 2010-та година се должи на унапредувањето и развивањето на потрошувачката политика и соработката со граѓанските организации и граѓаните, во областа на безбедноста на храната. Се реализираа повеќе активности со кои се зголеми информираноста и едуцираноста на потрошувачите за начинот на поднесувањето на претставки и предлози до надлежните, како и правата и обврските за учество на потрошувачите во системот за безбедност на храната во Република Македонија.

Падот на бројот на поднесените претставки во 2011 година, кој не се смета за голем, може да биде резултат на унапредувањето на системот за безбедност на храната.

**Раководител**
**Одделение за заштита на потрошувачи**

Д-р Ката Стојановска